34

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

19--33/1
Архив 27-96/1-20

**Студенски Парламент на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство**

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

МОЈ ПСИХИЈАТАР

Скопје, 28. 12. 2020 година


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-56/1 од 19.6.2020 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Студентски Парламент на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје |
| Наслов на проектот | Мој психијатар |
| Период на спроведување на проектот | од 20.06.2020 година до 20.12.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Александар Ѓоргиевски |
| Проектен менаџер | Александар Ѓоргиевски |
| Телефон и е-пошта за контакт | 070 217 630 aleksandargjorgievski@gmail.com |
| Цел на проектот | Поголем пристап до психијатрите |
| Целна група | Целна група се граѓани и доктори по психијатрија на територија на Р. С. Македонија. Граѓаните односно корисниците на оваа апликација ги користат благодатите на овој проект и им е потребна стручна поддршка и помош од психијатар за полесно пребродување на кризата. Во оваа веб апликација се поставени сите потребни информации и достапност на медицинските лица кои ќе нудат поддршка на своите корисници. Корисниците со помош на МОЈ ПСИХИЈАТАР апликацијата ќе направат заобиколување на стереотипите за посета на психијатар преку online решение со можност за комплетна анонимност. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | На целата територија на Република Северна Македонија |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 810 000 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 810 000 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Револуционерните промени во информатиката и комуникациска технологија (ИКТ) во целиот свет се огромни, и како резултат на тоа, се создаваат нови системи кои по некогаш можат многу да ни го олеснат секојдневното функционирање. Ние како тим имаме за цел да ги искористиме сите придобивки од модерните технологии и во овој случај да ги ставиме на борбената линија против пандемијата со Ковид 19. Затоа, преку креирање на оваа online алатка, ќе им дозволиме на граѓаните на нашата држава кои имаат потреба од стручна психолошко/психијатриска помош во овие тешки моменти за сите нас, истата да ја добијат online. Корисниците на ова платформа ќе можат да добијат високо стручна помош и услуга од удобноста на своите домови.

Постигнување 1 - Креирана е првата мултифункционална веб платформа за соработка помеѓу корисниците и психолозите, како и можноста за видео сесии, сесии за разговор со психолог (чат сесии каде корисникот може да остане анонимен) и секако видео групни сесии до 10 корисника во исто време (секако во овој период односно на смиот старт е доволно толку, а во иднина како ќе се зголемува побарувачката така и ќе се зголемуваат и капацитетите)

Постигнување 2 - Преку ова платформа отворивме можност на многу психолози да остварат комуникација меѓу себе и да работат на меѓусебно вмрежување како и подобрување на нивните лични сесии

Нашиот тим постигна големи резултати во реализирање на овој проект со што отвараме нова ера за помош на граѓаните

1. Овозможува на итна психолошка помош на граѓаните во Македонија од своите домови.
2. Намалено движење и контакт на корисниците и психолозите за време на панемијата.
3. Зголемена достапност и нудење анонимност при потребна психолошка помош.
4. Зголемување на бројот на активиситите во здружението.
   a. Психолозите кои ги контактиравме и прифатија да се дел од платформата изразија интерес да придонесат и во развивање и правење на други вакви иновации.
5. Нудење поголем избор на прихолози кои се спицијализирани во одредена тематика

## 3. Спроведени активности и резултати од проектот

**Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати**

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Активирање и изработка на веб платформата epsihijatar.mk како и изработка на кориснички интерфејст кој ќе бие корисен и кориснички-пријателско насторен | Подигнување на серверските капацитети за потребите на проектот „МОЈ ПСИХИЈАТАР“ за поставување на веб апликацијата. Сетирање на серверската платформа каде ќе бидат поставени интерконекциски бази и пристап до истите | 20.07.2020 – 30.07.2020 | Подигање на веб платформата и достапност за јавноста |
| Софтвер за комуникација на докторите и клиентите | Изработка на софтвер и негова имплементација на веб платформата за комуникација помеѓу докторите и клиентите и активирање на каналот | 20.08.2020 – 10.09.2020 | Изработен софтвер каде корисниците ќе можат да креираат свои профили а докторите психолошки ординации |
| Изработка на додаток кој ќе ја олесни работата и пристапноста на корисницте | Зголемување на достапноста за корисниците и прикажување на податоците како и сите верифицирани психијатари кои ќе имаат онлајн ординација и можност да даваат помош на пациентите преку веб платформата со претходно закажан термин | 15.09.2020 – 30.09.2020 | Со оваа активност го прошируваме дијапазонот на корисници каде брзо и лесно ќе можат да се снајдат на платформата и истата да ја користат |
| Интегрирање на софтвер за видео сесија и чат помеѓу корисниците и психијатарите | Интегрирање на систем за видео сесија и чат каде корисниците одбираат како ќе ги добијат дадените услуги, бидејќи дел од корисниците сакаат да останат анонимни пред докторите | 10.09.2020- 20.09.2020 | Со ова се отвора можност за вклучување и на корисниците кои сакаат да останат анонимни во користењето на услугите на платформата |
| Воспоставување на систем за брза и експертска помош или разговор со психијатар на подолг временски период преку закажување на онлајн сесии без притоа да мора да ги напуштаат своите домови и да чекаат ред пред ординациите на докторите | Добивање на психолошка/психијатриска помош од стручни лица кои се со различно место на живеење на брз и безбеден начин, без дополнителни изложувања на заразување, а со тоа ќе се скрати и непотребното трошење на време патување и намалување на финансиските импликации врз корисниците | 20.09.2020 – 10.10.2020 | Закажување на термин само со еден клик во било кое време и било кој термин во текот на денот за корисниците на кои им е најпотребно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Софтвер за известување | Автоматско известување по електронска пошта на корисникот за слободни термини на посакуваниот доктор и потсетник за закажани термини , | 20.09.2020 – 15.10.2020 | Брза и навремена комуникација за секој корисник на услугите со своите доктори и намалување на времето на чекање |
| Онлајн сесии за подобрување на докторските сесии | Креирање на можност психијатрите да организираат меѓусебни состаноци за подобрување на своите сеанси | 10.10.2020 – 01.11.2020 | Со оваа алатка им дозволуваме на психијатрите да организираат сопствени сесии за меѓусебна комуникација и надградба за подобри услуги. |
| Распоред на слободни термини на психијатри за корисници на услугите на платформата | Поставување на временска табела односно распоред на слободни термини на докторите на кои корисниците на услугите ќе можат да си го закажат својот термин од своите домови | 01.11.2020 – 15.11.2020 | Со ова се отвора можност корисниците да имаат присстап до своите термини и да вршат закажување преку своите календари на своите телефони |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Во текот на спроведување на активностите пропишани со овој проект не се сретнавме со поголеми проблеми. Единствен проблем беше обезбедување на системот за комуникација (видео, чат и звук) помеѓу корисниците и психијатрите. Проблемот беше решен во најбрз можен рок.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Промотивни материјали | | 850 | |
| Промоција | | | https://epsihijatar.mk/ |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Со овој проект успеавме да креираме решение кое ќе биде од голема корист на многу граѓани без поделба по ниедна основ и достапен за сите заедници на територија на нашата држава. Проектот МОЈПСИХИЈАТАР **(epsihijatar.mk)** е сеуште на самиот старт, но нашиот тим е сигурен дека оваа платформа ќе донесе revулуционерни промени во работењето на многу психолози, а исто така ќе им се олесни и проистапот на корисниците до услугите на психолозите. Нашата платформа, како и нашата органзација, е заснована на принципи за еднаквост на сите и промоција на вредностите на развјот технолошките иновации.

**7. Резиме на Финансискиот извештај**

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | **420.000,00** | **420.000,00** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **II. Оперативни трошоци** | **195.000,00** | **195.000,00** | |
| **III. Директни трошоци** | **195.000,00** | **195.000,00** | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **810.000,00** | **810.000,00** | |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Во прилог на НАРАТИВНИОТ ИЗВЕШТАЈ Ви ги доставуваме следниве документи:

- Договори за ангажирање:
  - Стефан Маринчески
  - Владислав Бидиков
  - Никола Додов
  - Александар Ѓоргиевски
- Фактура од Лојал ИТ, ставки:
  - Рекламирање на социјални мрежи
  - Систем за известување на корисници на веб платформа
- Фактура од М-нет фактори, ставки
  - Обезбедување на серверска платфома и зголемување на ресурсите и хостинг услугите на веб платфома
  - Дизајн и печатење на промотивен материјал
- Авторски договоди за:
  - Андриана Ивановска
  - Сара Танческа
  - Андреј Стефановски
- Фактура од РиваСт за банкарски трошоци
- Фактура од РиваСт за сметководствени услуги

Скопје, 28.12.2020 год.

Александар Ѓоргиевски – Претседател

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П. (Потпис)

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Назив на здружението | Студенски Парламент на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | | | | |
| Наслов на проектот | МОЈ ПСИХИЈАТАР | | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 810.000,00 | | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | 84.000,00 | | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 894.000,00 | | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) | |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
| Плати и надоместоци | | | 0 | #DIV/0! | |
| Проектен координатор - 60% | 126.000 | 126.000 | 0 | 0% | |
| Асистен на проект - 60% | 126.000 | 126.000 | 0 | 0% | |
| Технички лице за реализација на активности - 50 | 84.000 | 84.000 | 0 | 0% | |
| Асистен за односи со јавност - 50% | 84.000 | 84.000 | 0 | 0% | |
| **Вкупно за I** | **420.000** | **420.000** | **0** | **0** | |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| Транспорт | | | 0 | #DIV/0! | |
| | | | 0 | #DIV/0! | |
| Канцелариски трошоци | | | 0 | #DIV/0! | |
| | | | 0 | #DIV/0! | |
| Услуги | | | 0 | #DIV/0! | |
| Лектруа | 6.000 | 6.000 | 0 | 0% | кофинансирање |
| Промотивни материјали | 30.000 | 30.000 | 0 | 0% | |
| Сметководстени услуге | 21.000 | 21.000 | 0 | 0% | |
| Банкарски трошоци | 18.000 | 18.000 | 0 | 0% | |
| Информации и комуникација | | | 0 | #DIV/0! | |
| Обезбедување на серверска платформа и зголемување на ресурсите и хостинг услуги за веб платформата | 78.000 | 78.000 | 0 | 0% | |
| Рекламирање на социјални медиуми | 48.000 | 48.000 | 0 | 0% | |
| **Вкупно за II** | **201.000** | **201.000** | **0** | **0%** | |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| Набавка на домеин име | 2.000 | 2.000 | 0 | 0% | кофинансирање |
| Изработка на кориснички интерфејс | 40.000 | 40.000 | 0 | 0% | кофинансирање |
| Изработка и имплементирање на софтвер за кориснички профили и докторски онлине ординации | 30.000 | 30.000 | 0 | 0% | |
| Изработка на софтверска апликација за комуникација и интегрирање на веб платформата | 65.000 | 65.000 | 0 | 0% | |
| Изработка и интегрирање на системот за видео сесија | 50.000 | 50.000 | 0 | 0% | |
| Систем за известување на корисници на веб платформата (Слободни термини, закажани термини, новитети и др.) | 50.000 | 50.000 | 0 | 0% | |
| Одржување | 36.000 | 36.000 | 0 | 0% | кофинансирање |
| **Вкупно за III** | **273.000** | **273.000** | **0** | **0%** | |
| **ВКУПНО I + II + III** | **894.000** | **894.000** | **0** | **0%** | |

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.

